*Број: 02 - 2136/2*
*24.03.2010 година*
*С к о п ј е*

# *ЗАПИСНИК*
## *од LXX -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*

*одржана на 16.02.2010 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*

- *Стојан Петрески, раководител на одделението за имотно - правно работење (делумно присутен);*
- *Ана Петрова, раководител на одделението за контрола (делумно присутна);*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Соња Златановска, републички контролор инспектор од секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Лидија Маркузанова, раководител на одделението за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Васе Стратров, самостоен стручен соработник за буџетирање, претседател на Централната пописна комисија на ФЗОМ;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 04.12.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 18.12.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 25.12.2009 и 30.12.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.01.2010 година;*

1. *Програма за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот за 2010 година;*
2. *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2009 година;*
3. *Правилник за критериуми за утврдување на квоти за аптеките;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми,*

*плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

5. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на сервисни услуги во болничката здравствена заштита;*
6. *Одлука за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат дежурните лекари и лекарите во итната помош;*
7. *Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак;*
8. *Информација за проблемите кои настанаа во работењето на здравствените установи- поликлиники кои по барање на Министерството за здравство беа задолжени да извршат трансформација на установата;*
9. *Насоки од Управниот одбор за рефундациите;*
10. *Разно.*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Беким Сали предложи на седницата да се разгледаат жалбите и приговорите од приватните здравствени установи кои се пристигнати во поголем број. Важно е тие да се разгледаат и од аспект на водењето на постапката, односно заради обезбедување на нејзина двостепеност.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека контрола на постапувањето на овластените лица на Фондот се обезбедува со можноста здравствените установи да се обратат до директорот на Фондот. Наведе и дека стручните служби на Фондот подготвуваат правилник со кој детално ќе се уреди начинот на постапувањето на контролорите на Фондот при вршењето на контролите. Овој правилник наскоро ќе му биде презентиран на Управниот одбор.*

*Елена Трпковска предложи жалбите и приговорите од приватните здравствени установи да се разгледаат во рамките на точката разно кога ќе се одлучи како ќе се постапи со нив.*

*Потоа директорката Парнарџиева - Змејкова предложи дневниот ред да се дополни со следните точки: - Предлог за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија; - Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија; - Разгледувања на барања од областа на работните односи; - Разгледување на договорот за закуп на деловен простор помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и осигурителното друштво КЈУБИ Македонија; и Предлог за изменување и дополнување на*

*планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Истовремено предложи по кој редослед да се разгледуваат точките на дневниот ред заради оптимално искористување на стручните служби на Фондот.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 04.12.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 18.12.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 25.12.2009 и 30.12.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.01.2010 година;*

1. *Предлог за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Правилник за критериуми за утврдување на квоти за аптеките;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на сервисни услуги во болничката здравствена заштита;*
5. *Одлука за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат дежурните лекари и лекарите во итната помош;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Програма за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот за 2010 година;*
8. *Договор за закуп на деловен простор помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и осигурителното друштво КЈУБИ;*
9. *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2009 година;*
10. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми,*

плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
11. Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак;
12. Информација за проблемите кои настанаа во работењето на здравствените установи- поликлиники кои по барање на Министерството за здравство беа задолжени да извршат трансформација на установата;
13. Насоки од Управниот одбор за рефундациите;
14. Барања од областа на работните односи;
15. Разно - Жалби и приговори од здравствени установи.

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 04.12.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 04.12.2009 година.*

- *Усвојување на записникот од LXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 18.12.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXVII -та седница на Управниот одбор одржана на 18.12.2009 година.*

- *Усвојување на записникот од LXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 25.12.2009 и 30.12.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 25.12.2009 и 30.12.2009 година.*

- *Усвојување на записникот од LXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.01.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 21.01.2010 година.*

***ТОЧКА 1*** *- Предлог за утврдување на предлог референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување на предлогот за утврдување на референтни цени на лековите кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено*

*осигурување на Македонија даде Кристина Христова. Наведе дека во материјалите за работа за оваа точка од дневниот ред е даден предлогот и записникот од работата на комисијата за утврдување на референтни цени. Комисијата успеа за многу кусо време да го изготви предлогот при тоа користејќи веќе обработени податоци. Од самиот материјал кој е богат со податоци се гледа дека работата на комисијата е темелно заснована. Во материјалот, во посебен дел се издвоени лековите кои не се регистрирани а посебно оние кои се регистрирани но за нив нема цена во референтните земји. За нив треба да се изготви фармако - економска студија за што е потребно повеќе време.*

*Елена Трпковска потсети дека правилникот за утврдување на референтни цени на лекови обврзува при утврдувањето на референтните цени на лековите да се консултираат производителите на лекови. Праша дали тоа е сторено.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека според правилникот, најнапред треба да се утврдат предлог референтните цени а потоа производителите во врска со нив можат да се изјаснуваат. Додаде и дека заради изготвување на цените, биле одржани состаноци со Бирото за лекови и Министерството за здравство, и дека Министерството најавило дека ќе изготви измени на Законот за лекови и соодветните подзаконски акти кои се однесуваат на единствените цени на лековите. Кога тие ќе се донесат, се очекува воведување на ред и при утврдувањето на единствените цени на лековите.*

*Беким Сали праша дали бројот на лековите кои ќе се добиваат без доплата што го разгледувавме при донесувањето на правилникот е запазен и во одлуката. Праша и дали има нови лекови за кои до сега немало референтни цени.*

*Кристина Христова наведе дека бројот на таквите лекови според предлогот е 140 од вкупно 938 заштитени имиња на лекови (356 генерики), од кои 403 (105 генерики) се со зголемени референтни цени, за 261 (133 генерики) се со намалени референтни цени, а за 245 (103) не се менува референтната цена. Без доплата се 136 генерики (77% повеќе отколку во моментов), но се очекува бројот да се зголеми. Воведуваме шест фармако-тераписки групи на лекови: бисфофонати (лекови за остеопороза), инхибитори на протонска пумпа и H2-блокатори (лекови за желудник), хиполипемици-статини (за намалување на маснотии во крвта), АЦЕ инхибитори (за намалување на висок крвен притисок), калциум инхибитори (лекови за срце). Петнаесет генерики (29 лека по заштитени имиња) од Листата на лекови на товар на Фондот сега за прв пат добиваат референтна цена. Дополни дека комисијата смета дека е потребно правилникот за утврдување на референтни цени да се допрецизира во одредени делови наведени во записникот и предлогот од Комисијата.*

*Во врска со ова, Елена Трпковска предложи да не се прават чести измени во правилникот, туку тоа да следи по завршувањето на целиот процес.*

*Потоа Кристина Христова и Соња Златановска наведоа дека има неколку лекови кои се специфични и кои немаат фармако-тераписка паралела, и за кои согласно правилникот можни се корекции на цените.*

*Беким Сали укажа дека за некои лекови кои имаат повисока цена, сега се предлага пониска. Укажа дека треба да се внимава при ваквото намалување зашто разликата во цената, доколку не може да се добие лекот по референтната цена, паѓа на товар на осигуреното лице. Особено тоа е важно кај лековите кои треба да се земаат постојано во текот на животот, зашто тоа претставува големо и континуирано финансиско оптоварување за осигуреното лице*

*Директорката Парнарциева - Змејкова објасни дека доплатите за одредени лекови се пресметуваат во однос на единствените цени на лековите кои ги формира Бирото за лекови. Доколку има дополнителни намалувања на единствените цени за одредени лекови можно е доплатата да се намали или истите да преминат во групата на лекови без доплата.*

*На крајот, по завршената дискусија, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената.*

***Одлука***
***за утврдување на предлог референтни цени на лекови***

*со која се утврдија предлог референтни цени за 938 лекови односно 356 генерики од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата на Фондот, по што носителите на решението за ставање на лекот во промет треба да дадат забелешки во рок од 15 дена.*

*ТОЧКА 2 - Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Кристина Христова објасни дека се предлага во одлуката да се додадат десет заштитени имиња како и да се бришат четири. Се предлага и бришење на два АТС кода.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршени предложените измени.*

*ТОЧКА 3 - Правилник за критериуми за утврдување на квоти за аптеките*

*Воведно излагање по оваа точка даде директорката Парнарџиева - Змејкова. Наведе дека досега начинот на утврдувањето на квотите не бил утврден со правилник. Со овој правилник, се поаѓа од вкупниот буџет на Фондот кој понатаму се дели по подрачни служби за на крајот да се дефинира квотата на одделна аптека. При тоа се води сметка за фармацевтскиот тим. Целта на максималната квота е да не се привилегираат големите аптекарски ланци. Во врска со таканаречените „скапи лекови", наведе дека за снабдување со нив, порано се определувале дополнителни квоти на пет аптеки кои ги држеле и кај кои можеле да се набават.*

*Кристина Христова додаде дека во тие аптеки се водела и евиденција на пациентите од аспект на контрола. Наведе и дека е потребно да се направи листа на таканаречените скапи лекови, за да се знае точно кои спаѓаат во оваа група.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова дополни дека тие пет аптеки имале дополнителна квота а никој не ги контролирал дали ги набавуваат и издаваат овие лекови. При изготвувањето на правилникот оставивме можност да се дефинираат дополнителни квоти за скапите лекови или да не се оди со посебни квоти за нив. Дотогаш, овие лекови ќе бидат дел од квотите. Главна идеја на правилникот е Фондот да нема можност за дискреционо одлучување за квотите.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали освен во Скопје во други места има аптеки кои работат 24 часа на ден.*

*Борис Јосифовски пак наведе дека Фондот можел да прави класификации на аптеките тогаш кога ги набавувал лековите. Сега кога аптеките работат пазарно, самите ќе набавуваат толку колку што ќе можат да дадат на пациентите, а од Фондот може да бидат наплатени онолку лекови за колку се издадени рецепти.*

*Лазар Трајчев објасни дека малку земји ги ограничуваат аптеките со квоти, но ограничувања не поставуваат оние кои имаат повеќе средства. И досега квотите морале да бидат во рамките на буџетот на Фондот наменет за аптеки, но немало јасни критериуми за определување на висината на квотите.*

*Елена Трпковска наведе дека е во дилема во однос на прашањето дали треба да остане членот 12 од предложениот текст на правилникот.*

*Директорката Парнарциева - Змејкова наведе дека се додека не се донесе одлука за определување на скапите лекови или т.н. специфика, целиот буџет за лекови ќе се дели според критериумите за квоти.*

*По ова, Елена Трпковска предложи да се усвои правилникот без членот 12. Истовремено да се задолжи стручната служба на Фондот, за следната седница да изготви симулација на квотите според стариот и новиот начин на нивно утврдување. Потоа ќе може да се оцени дали е потребно дополнување на правилникот. Предлог го стави на гласање.*

*Елена Трпковска, Беким Сали, Страшо Наумоски, Горан Коевски и Љубиша Каранфиловски гласаа за предлогот, а Борис Јосифовски беше воздржан. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Правилник***
***за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот***

*Исто така донесе и*

***Заклучок:** Стручната служба на Фондот за следната седница да изготви симулација на квотите според стариот и новиот начин на нивно утврдување*

*ТОЧКА 4 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на сервисни услуги во болничката здравствена заштита*

*Татјана Лукановска објасни дека се предлага да се овозможи цените кои досега се користеа како цени за сервисните услуги помеѓу здравствените установи, да се користат и како цени на специјалистичките услуги што здравствените установи ги даваат на осигурните лица. Здравствените установи некогаш ги користеле овие цени а понекогаш цените од ценовникот за здравствените услуги од 1992 година. Утврдувањето на овие цени како цени за специјалистичките услуги што ги даваат здравствените установи ќе помогне и за рефундациите.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

**_Одлука_**
**_за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита_**

*со која се прошири опфатот на користењето на референтните цени, така што тие во иднина ќе се користат и како цени на специјалистичко - консултативните услуги што здравствените установи ги даваат на осигурените лица.*

*ТОЧКА 5 - Одлука за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат дежурните лекари и лекарите во итната помош*

*Ана Петрова објасни дека предлогот кој го презентира е изготвен во соработка со секторот за фармација а врз основа на предлогот на Лекарската комора на Македонија. Предлогот се заснова на одредбите Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување донесен на 20.11.2009, заради ефикасно пресретнување на пациентите во услови кога се заканува епидемија на грипот H1N1. На листата на лекови кои ќе може да ги препишуваат дежурните лекари се вклучени 18 лекови. Овие лекови осигурените лица ќе може да ги подигнат од дежурните аптеки врз основа на пропишан лек на рецептен образец на Фондот означен со печат на дежурната служба и факсимилот на дежурниот лекар кој го пропишува рецептот. Пропишаниот лек се заведува во здравствената легитимација со запишување на датата, количината, факсимилот на дежурниот лекар и печатот на дежурната служба. Важноста на овој рецепт е само во денот кога е пропишан лекот од дежурниот лекар , со што се потенцира неговата итност. Во врска со начинот на евиденција во аптеките за издадените лекови пропишани од дежурните лекари, Фондот треба да изготви упатство со кое ќе се предвиди посебен начин на евиденција и фактурирање на овие лекови. Лековите на рецепт кои избраните лекари ги пропишуваат за време на дежурство не треба да се сметаат во предвидената цел за рационално пропишување на лекови. Во врска со листата на лековите на рецепт кои може да ги пропишуваат лекарите од дежурните служби, добивме од Фармацевтската комора на Македонија посочување за режимот на препишување на лековите со генерички имиња и тоа:*

1. *Лековите со генеричко име Salbutamol потребно е да бидат препорачани од лекар специјалист*

2. *Лекот со генеричко име Glyceryl trinitrate 2,5 mg – сублингвален спреј потребно е да биде препорачан од лекар субспецијалист*

*Лекарите од дежурните служби ќе можат да ги пропишуваат и овие лекови, но на грбот на рецептот задолжително да биде наведено името, презимето и специјалноста на лекарот специјалист односно субспецијалист кој го препорачал лекот. Дежурните лекари можат да ги препишуваат лековите од оваа листа за најмногу 8-дневна терапија.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба***

*со која ги утврди лековите што може да ги препишува дежурнот лекар во дежурната служба на здравствениот дом, односно избраниот лекар кој дежура во дежурната служба што ја организира здравствениот дом.*

*ТОЧКА 6 - Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека предложената одлука е заради додавање на нова позиција - Картица за продолжено бирање (DISA), со очекуван почеток на постапката во февруари 2010, и проценета вредност од 35.000 денари без ДДВ. Оваа картичка е за телефонската централа што треба да се инсталира во Подрачната служба Скопје.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 7 - Програма за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот за 2010 година*

*Програмата за инвестиции ја изложи Татјана Лукановска. Наведе дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија согласно законската регулатива а во рамките на утврдените буџетски средства за 2010 година наменети за капитални расходи (градежни објекти и за купување на опрема и машини), ја донесува годишната Програма за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот. Во ставката А - Градежни*

*објекти, средствата од Буџетот за 2010 година во износ од 16.000.000 денари, предвидени за изведба на градежните работи ќе бидат искористени за довршување на градежните работи за изведба на сервер салата во централата на Фондот и за довршување на реконструкцијата во подрачните служби според склучените договори од 2009 година. Во ставката Б - Купување на опрема и машини, е опфатена набавката на неопходната компјутерска опрема за доекипирање на Фондот и подрачните служби, како и купување на канцелариска и на друг вид опрема за потребите на вработените на Фондот. Од предвидените 52 милиони е направена пренамена на 4 милиони денари што претставуваат дел од средствата наменети за опрема и машини, во средства наменети за градежни објекти. На тој начин, ставката за опрема и машини се сведе на мебел иако имаме потреба од мебел и возила. Инаку, програмата е изработена врз основа на поднесените барања од Подрачните служби и од Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија а во нејзиното подготвување беа активно вклучени секторот за јавни набавки и одделението за план и анализа.*

*По ова излагање, членовите на Управниот поставуваа прашања и даваа предлози во врска со инвестициите што се предмет на Програмата за инвестиции. Елена Трпковска потенцира дека приоритет е систем салата во Фондот а Горан Коевски укажа дека со закон електронскиот потпис е изедначен со пишаниот па и тоа да се има во вид кога се планираат потебите од опрема за испраќање документи. И останатите членови на Управниот одбор правеа осврти на предложената програма, по што Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Програма за инвестиции***
***на Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот за 2010 година***

***ТОЧКА 8*** *- Договор за закуп на деловен простор помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и осигурителното друштво КЈУБИ*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова го запозна Управниот одбор дека во зградата во која се наоѓа Подрачната служба Гевгелија е со нарушена статика, поради што се наметна потреба од изнајмување на простор во кој ќе бидат сместени нејзините простории. Најдовме простор кој му припаѓа на осигурителното друштво КЈУБИ. Локацијата е добра, а просторот се наоѓа на 3 кат. Во врска со цената за изнајмување на просторот, направивме проверка со Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор.*

*Лазар Трајчев наведе дека од КЈУБИ понудениот договор не беше поволен, но низ процесот на преговарање се постигна одредена верзија која сега се наоѓа пред Управниот одбор.*

*По ова, Управниот одбор го прифати договорот за изнајмување на простории на Подрачната служба Гевгелија, и го задолжи менаџментот и стручните служби на Фондот да реализираат активности за негово ефектуирање.*

***ТОЧКА 9*** *- Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2009 година*

*Извештајот од извршениот попис го изложи Васе Стратров. Наведе дека според Правилникот за попис на правниот субјект, потребно е целосно усогласување на сметководствената состојба со фактичката (пописната) состојба, во кој се опфаќаат сите средства, побарувања и обврските. Откако се спроведоа законски пропишаните задачи, комисиите за попис на подрачните служби изготвија извештај за попис. Централната пописна комисија вршеше редовни консултации со комисиите на сите подрачни служби, а со цел навремено разгледување и усвојување на пописот од страна на Управниот одбор. Пописот на средствата се вршеше со мерење, пребројување, процена и оцена, во зависност од видовите на средствата што се попишуваа на местата каде тие се наоѓаат во употреба или залиха. По извршениот физички попис се премина на вредносно пресметување на истиот. Комплетираните пописи со извештаи беа доставени до Централната пописна комисија во рокот утврден со Упатството за вршење на попис. Врз основа на извештаите од поединечните комисии за попис, централната пописна комисија изготвува извештај како збир на сите поединечни извештаи и пописни листи од сите комисии за попис, во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Наведе дека врз основа на извештаите на пописните комисии од подрачните служби се предлага за расходување опремата и ситниот инвентар кои се дотраени и неупотребливи за користење. Таа е прикажана во приложените табели по подрачни служби. Износот на вкупните средства предложени по подрачни служби за расходување е со набавна вредност од 3.315.340,15 денари, отпишана вредност од 3.312.618,15 денари и сегашна вредност во износ од 2.722,00 денари. Со пописот во просторијата на секторот за набавки од страна на пописната комисија на ФЗОМ констатирано е ускладување на здраствените легитимации и утврди дека на лице место се наоѓаат 12.296 парчиња здравствени легитимации. Во врска со нив пописната комисија предлага да се преостапат на јавните здравствени установи каде што има породилишта за да им се дадат на секое новороденче, или да се поништат, или да се најде друго соодветно решение за кое Управниот одбор ќе се произнесе.*

*По ова излагање, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а Васе Стратров и останатите претставници на Фондот даваа објаснувања.*

*Во врска со здравствените легитимации, членовите на Управниот одбор истакнаа дека прашањето како да се постапи со нив веќе беше разгледувано и одлучено.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак објасни дека не беше одлучено што да се прави, туку беше заклучено да се побара мислење за предлозите за постапување од Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.*

*Борис Јосифовски во врска со побарувањата на Фондот посочи на страната 18 од извештајот и таму наведениот податок дека за некои средства за неуплатена партиципација од Градска аптека Скопје е поведена постапка во 2009 година.*

*Во врска со недвижностите што ги добил Фондот во стечајни постапки, директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека постои дилема дали Фондот со неговата законска поставеност како купувач на услуги може да ги издава добиените недвижности или треба од нив да се ослободи, односно да ги отуѓи.*

*Горан Коевски укажа на законските одредби за банките што ја ограничуваат нивната можност да бидат сопственици на недвижности, а директорката Парнарџиева - Змејкова одговори дека прописите што се однесуваат на Фондот не поставуваат такви ограничувања.*

*Потоа Горан Коевски праша кој сектор во Фондот евентуално би бил одговорен за управување со недвижностите.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *Да се направи попис на недвижностите што Фондот ги добил во стечајни постапки или по други основи а кои не се неопходни за извршување на законските функции на Фондот;*
- *По изготвувањето на пописот, да се достави на Управниот со предлог за постапување со недвижностите.*

*Со тоа заврши расправата по извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските, и Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2009 година***

*и*

***Одлука***
***за расходување на опремата која е дотраена и неупотреблива за работа и користење***

*ТОЧКА 10 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека комисијата за изготвување на цени на ортопедски и други помагала изготви цена за едноделен педијатриски систем за илеостома - самолеплива кеса и едноделен систем за уростома - самолеплива кеса. Тоа се помагала кои според Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала осигурените лица со соодветна индикација можат да ги добијат на товар на Фондот. За нив досега не беше утврдена референтна цена. Предложено е и од важечката одлука да се брише помагалото „ќеси за дводелен систем за колостома без филтер“, бидејќи ваков тип на ќеса повеќе не се наоѓа во производство. При утврдување на референтните цени се користени споредбени анализи на референтните цени кои се на товар на Фондовите во референтните земји, согласно одредбите на член 63-б од Законот. Исто така, комисијата направи анализа и на цените на истите помагала на слободниот пазар во Република Македонија. Поради тоа, има два алтернативни предлога на референтни цени.*

*Елена Трпковска констатира дека правилникот за утврдување на референтни цени на ортопедски помагала е во изготвување па Управниот одбор треба да одлучи кои цени ќе ги утврди како референтни. Праша и за постапката за пропишување и подигнување на овие помагала.*

*Одговор даде директорката Парнарџиева - Змејкова, по што предлогот за за изменување и дополнување на одлуката беше ставен на гласање. Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која ги утврди како референтни цени цените добиени врз основа на слободниот пазар во Република Македонија.*

*ТОЧКА 11 - Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак*

*Лазар Трајчев наведе дека оваа точка беше разгледувана и порано, кога беше побарано да се достави преглед на решени предмети. Потоа потсети дека вештото лице од областа на сообраќајот е ангажирано заради давање стручна помош во предметите за надоместување на штетата предизвикана со лекување на осигурени лица повредени во сообраќајни незгоди. Бидејќи осигурителните друштва каде е осигурен причинителот на штетата најчесто не го признаваат побарувањето на Фондот во целост, Фондот треба да одлучи дали за целосно надоместување ќе поведе судска постапка. За ова, вработените во Фондот немаат стручно знаење, па се наоѓаат во ситуација да поведат постапка и во случаите кога тоа е неосновано. Во таквите случаи, ако Фондот го загуби спорот, ќе биде задолжен да ги надомести трошоците на постапката. Со оглед на бројот на предметите и цената на одделно вештачење, ангажирањето на вешто лице со паушал е поисплатливо. Досега Управниот одбор во неколку наврати го продолжи договорот со ангажираното вешто лице па бидејќи тој е веќе неколку месеци истечен, повторно се поставува на дневниот ред. При претходното разгледување, Управниот одбор побара подетален извештај за извршената работа кој сега е доставен.*

*По објаснувањето, членовите на Управниот одбор дискутираа и поставуваа прашања. На крајот, Управниот одбор едногласно одлучи оваа точка да се симне од дневниот ред, а на стручните служби им препорача да спроведат постапка за јавна набавка заради обезбедување на услуги од вешто лице за потребите на водењето на постапки за надоместок на штета.*

*ТОЧКА 12 - Информација за проблемите кои настанаа во работењето на здравствените установи- поликлиники кои по барање на Министерството за здравство беа задолжени да извршат трансформација на установата*

*Објаснување по оваа точка даде Јасмина Смилевска. Наведе дека Министерството за здравство во текот на 2009 година согласно Законот за здравствена заштита, започна постапка со која ги обврза здравствените установи – поликлиники кои во својот состав имаат организациони единици од примарна и специјалистичко консултативна здравствена заштита во ист објект, да извршат трансформација на установата во поликлиника од примарна здравствена заштита и основање на ново правно лице-приватна здравствена установа како специјалистичка ординација. Со новото решение издадено од Министерството за здравство, здравствена установа продолжува да работи како поликлиника од примарната здравствена заштита, додека здравствената установа специјалистичка ординација лоцирана во истиот објект на поликлиниката, дозволата за работа ќе ја издаде по извршениот упис на здравствената установа во централниот регистар. Со истото решение*

*престанува да важи старото решение во делот на специјалистичката ординација. Новото решение со кое на здравствената установа – специјалистичка ординација лоцирана во истите простории се дава дозвола за работа е со задоцнување од повеќе месеци.*

*Со ваквиот начин на изведена трансформација по барање на Министерството за здравство, не по вина на здравствената установа се создава правен вакум од повеќе месеци кога здравствената установа продолжува да работи континуирано во истите простории но без решение. Имено Министерството за здравство предвреме го повлекува Решението со кое е дадена дозвола за работа во истите простории како поликлиника која во својот состав има организациони единици од примарна и специјалистичка здравствена заштита.*

*Овие здравствени установи имаат склучено договор со Фондот за пружање на здравствени услуги од специјалистичко консултативна здравствена заштита во 2009 година. За времетраењето на трансформацијата, здравствените установи во истите ординации продолжија да пружаат здравствени услуги на осигурените лица, бидејки и со пререгистрацијата останаа во истите ординации кои се сместени во ист објект со поликлиниката од примарната здравствена заштита.*

*Фондот ја прекина исплатата на надоместокот за пружени здравствени услуги на специјалистичките здрватвени установи, поради тоа што административно односно формално, се создаде прекин во издадената дозвола за работа од Министерството за здравство.*
*Министерството за здравство со тоа што издаде нова дозвола за работа на специјалистичките ординации со прекин од повеќе месеци создаде проблеми во работењето со Фондот на здравствените установи ПЗУ Поликлиника Медико-Техник Александар со седиште во Струмица и ПЗУ Поликлиника Интермед со седиште во Скопје. Овие здравствени установи за целиот период на пререгистрацијата продолжија да ги почитуваат одредбите од договорот во континуитет непречено да пружаат здравственит услуги на осигурените лица на Фондот и да ги фактурираат извршените услуги. Фондот поради настанатиот административен прекин за време на нивна пререгистрација, ја запре исплатата на надоместокот на овие здравствени установи. Овие специјалистички здравствени установи работат во истиот објект со веќе постоечкиот кадар за кој има дозвола за работа издадена од Минисерствоо за здравство во 2002 година. Здравствените установи во законски предвидениот рок поднесоа барање до Фондот, договорот да продолжи да важи во периодот на формално настанатиот административен прекин за кој одговорност треба да понесе Министерството за здравство поради ненавремено изготвување на новите решенија за пререгистрација на здравствените установи. На крајот наведе дека со цел да се надминат настанатите проблеми во исплатата на*

*надоместокот на овие здравствени установи, кои во континуитет со веќе утврден буџет од Фондот пружаат здравствени услуги на осигурените лица во текот на 2009 година, се предлага здравствените установи да продолжат да работат во состав на поликлиниката до крајот на 2009 година, а завршената постапка на пререгистрација на специјалистичката здравствена установа да се ажурира во Фондот со новиот договор за 2010 година и да се изготви нов договор за пружање на здравствени услуги во специјалистичко консултативната здравствена заштита за 2009 година, врз основа на кој ќе се овозможи да се исплати договорениот надоместок за 2009 година. Со Министерството за здравство е постигната согласност во иднина да се изнајде начин да се избегне евидентираниот прекин во решението со кое се врши пререгистрација на здравствената установа од полоклиника во специјалистичка ординација.*

*По излагањето, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и даваа предлози. На крајот, едногласно се донесе*

***Заклучок:*** *Од Министерството за здравство да се побара известување во писмена форма дали решението на овие здравствени установи им престанало. Ако не било престанато, Фондот да им ги исплати средствата кои не ги исплатил за спорниот период.*

***ТОЧКА 13*** *- Насоки од Управниот одбор за рефундациите*

*Во рамките на оваа точка се дискутираше за настанатата состојба откако Уставниот суд го укина член 10 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување. Лазар Трајчев наведе дека по ова, Фондот ќе треба да рефундира средства за услугите дадени во здравствени установи во кои не обезбедил вршење на здравствени услуги на негов товар. Потоа членовите на Управниот одбор расправаа за квалитетот на услугите во јавното и приватното здравство, како и можностите на Фондот да ги насочува осигурените лица да ги добиваат услугите во установи со кои има склучено договор.*

***ТОЧКА 14*** *- Барања од областа на работните односи*

*Во рамките на оваа точка беа разгледани два приговори на изречени парични казни и жалба против решение за престанување на работниот однос.*

- *Приговори од Димитрија Кереместевски и Славко Ѓоргиев*

*Објаснување даде Лидија Маркузанова. Наведе дека приговорите на изречените парични казни во висина од 15% од платата изречени на двајцата вработени во Подрачната служба Штип се по иницирана постапка од*

*Управниот инспекторат. При контролата, Управниот инспекторат увидел одредени неправилности во работењето во подрачната служба по што побара Фондот да превземе мерки. Пропустите не се големи, но Фондот постапувајќи по задолженијата на Управниот инспекторат поведе постапка за утврдување на одговорноста. За оваа цел е формирана и посебна комисија која изврши увид во Подрачната служба Штип.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека комисијата при увидот констатирала дека повеќето пропусти се надминати, но препорача изрекување на опомена или парична казна од 15% од платата во текот на еден месец.*

*По објаснувањето и кусата дискусија, Управниот одбор едногласно одлучи изречената казна да се замени со опомена.*

- *Жалба од Емине Касами, вработена во Подрачната служба Тетово*

*Во врска со оваа жалба, Лидија Маркузанова наведе дека постапката била иницирана од внатрешната контрола на Фондот. Отказот на договорот за работа е изречен поради пропусти направени во вршењето на контрола во здравствена установа. При вршењето на контролата Емине Касами била заедно со друга контролорка. Притоа, изготвени се два записника. Првичниот, на местото на извршената контрола е потпишан од двете контролорки, додека врз основа на него изготвениот печатен записник не е потпишан од Емине бидејќи била на одмор.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека здравствената установа кај која била извршена контролата, кон приговорот на договорната казна приложила изјава од Емине заверена на нотар, во која е содржано тврдење дека записникот од контролата не е вистинит. По ова, упативме внатрешна контрола да го испита случајот. Внатрешната контрола констатира дека Емине штитела приватен интерес на штета на Фондот.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали во врска со ова е водена дисциплинска постапка, и додаде дека за секој предмет од областа на работните односи, би требало да се побара мислење од синдикатот.*

*Лидија Маркузанова одговори дека не е водена од причина што фактите биле јасни и неоспорни па мислењето на синдикатот нема ништо да промени.*

*Страшо Наумоски праша дали мислењето од синдикатот е неопходен услов за обезбедување на регуларност на постапката, а Лидија Маркузанова одговори дека судската пракса покажува дека судовите не инсистираат на тоа.*

*По ова, претседателката побара членовите на Управниот одбор да се изјаснат во врска со жалбата на Емине Касами.*

*Беким Сали гласаше за прифаќање на жалбата, Љубиша Каранфиловски беше воздржан, а Елена Трпковска, Борис Јосифовски, Страшо Наумоски и Горан Коевски гласаа за одбивање на жалбата. На тој начин, со мнозинство на гласови Управниот одбор ја одби жалбата на Емине Касами.*

***ТОЧКА 15*** *- Разно*

*Под точката разно се дискутираше за жалбите и приговорите од здравствените установи.*

*Беким Сали истакна дека до Управниот одбор постојано пристигнуваат жалби и приговори од приватните здравствени установи, најчесто во врска со договорните казни. Потенцира дека е важно при постапувањето во врска со прекршувањата на договорните одредби да се обезбеди двостепеност. Потоа наведе неколку примери кај кои е нејасен наодот на контролата на Фондот а од здравствената установа во врска со него е побарано да плати договорна казна.*

*Директорката Парнарциева - Змејкова пак наведе дека контрола на постапувањето на овластените лица на Фондот се обезбедува со можноста здравствените установи да се обратат до директорот на Фондот. Додаде дека Фондот подготвува правилник со кој детално ќе се уреди начинот на постапувањето на контролорите при вршењето на контролите. Овој правилник наскоро ќе му биде презентиран на Управниот одбор.*

*Елена Трпковска пак наведе дека Управниот одбор не може да има непосреден увид во наодите од извршената контрола. Поради тоа, не може ниту основано да одлучува.*

*Со ова се согласи и Страшо Наумоски, кој додаде дека ако Управниот одбор не може да одлучува за овие приговори, на нивните подносители треба да им се одговара дека Управниот одбор не е надлежен да ги разгледува.*

*По разгледувањето на точката разно, во 18.45 часот Управниот одбор заврши со работата на LXX -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***